**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-195/6**
**Скопје, 14.03.2007 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2005 година, кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   › Миле Стојменовиќ - В.Д. Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 01.01. до 17.04.2005 година и
   › Д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ - Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 18.04.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 14.11. до 27.12.2006 и од 09.01. до 18.01.2007 година.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
-дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 12.03.2007 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-375/1. Истите се разгледани и точките 10.1.3 и 10.4 алинеа 3 делумно се прифатени, додека останатите забелешки се одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Врз основа на Решение за именување на директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, број 33-1533/1 од 18.04.2005 година, донесено од страна на Владата на Република Македонија именуван е директор на Агенцијата, кој не засновал работен однос во Агенцијата спротивно на член 6 од Законот за работи односи (Службен весник на РМ бр.80/2003 година – пречистен текст), согласно кој „Работодавниот орган, односно законскиот застапник на работодавецот, *правата и обврските од работен однос, за време додека е именуван* на тоа работно место односно додека ја врши должноста на застапник, *ги остварува кај работодавецот*, ............„. Со Одлука донесена од страна на Управниот одбор определен е надоместок за извршување на работите кои се во надлежност на директорот на Агенцијата, иако согласно член 38 од Деловник за работа на Владата на Република Македонија предлози на решенија за плати на именуваните лица подготвува Комисијата за именување.
Исто така согласно член 151 од Законот работи односи (Службен весник на РМ бр.62/2005 година) на работникот кој е избран или именуван на државна

или јавна функција му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата, *ако вршењето на функцијата бара привремено да престане да работи кај работодавецот*.

Поради нерегулиран работен однос на директорот на Агенцијата ревизијата констатира дека

- ангажирањето на директорот на Агенцијата кај два работодавци во исто време, можно е да ја доведе во прашање организацијата и раководењето со работата на Агенцијата како раководен орган на истата и
- без законски основ исплатени се средства во износ од 282 илјади денари.

**Препорака:**

Управниот одбор да ја преиспита законската основаност на исплатата на средствата и согласно донесената одлука да постапи по истата.

11.1.2. Агенцијата врши исплата на плати и во 2005 година, врз основа на Правилник за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања и надоместоци на работниците одделно за Централата и поединечните центри, донесени јули 1987 година, кои правилници не се усогласени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за исплата на платите, како ни со Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Македонија. Поради неусогласеност со законската регулатива, Агенцијата пресметува и исплаќа плати врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, а со примена на критериумите и мерилата за пресметка на нето плата од горенаведените правилници, Агенцијата за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплаќа различен износ на нето плата (разликата се движи до 9,5 илјади денари) на вработените во различни центри за вработување.

**Препорака:**

Да се донесе акт за исплата на плати и надоместоци од плата на ниво на Агенција во согласност со постојната законска регулатива.

11.1.3. Агенцијата за признавање право на паричен надоместок утврдува погрешен износ на основица од која се пресметува просекот за исплата на месечен паричен надоместок за време на невработеност, спротивно на член 68 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, согласно кој висината на месечниот паричен надоместок се определува од основица која изнесува 40% односно 50% од просечната месечна плата на работникот за последните 24 месеци пред престанокот на работниот однос. Во решенијата за определување висина на надоместокот ревизијата констатира математички грешки при самата пресметка на основицата, поради која неправилната пресметка на основицата, Агенцијата врши исплата на погрешен износ на средства за паричен надоместок.

11.1.4. Во текот на 2005 година со право на паричен надоместок за време на невработеност над 12 месеци се стекнале 1.922 корисници. Пресметката за утврдување на износот на месечното право на надоместок е вршена во висина од 50 % од просечната нето плата на работникот за последните 24 месеци пред престанокот на работниот однос, а не 40% согласно член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, поради погрешно толкување и примена на Законот. Ревизијата констатира дека

Агенцијата има извршено погрешна пресметка на месечното право, согласно воспоставената пракса на примената на член 68 од Законот во износ од 9.196 илјади денари, со што незаконска е исплатата на месечно право на надоместок, согласно податоците добиени од базата за пресметка и исплата на паричен надоместок, во износ од 12.211 илјади денари.

**Препорака:**

Пресметката и исплатата на паричниот надоместок за време на невработеност да се врши во согласност со одредбите на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

11.1.5. Агенцијата, заради обезбедување услови за вработување и работење на инвалидни лица, исплатила средства од Посебниот Фонд во износ од 113.823 илјади денари. Со ревизија на доделените средства костатирани се следните неправилности:

- Решенијата за доделување на неповратни средства Управниот одбор не ги донесува на секои 60 дена, согласно на член 19 од Законот за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ број 87/2005 година – пречистен текст), како и член 14 од Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица, согласно кој Агенцијата поднесените барања треба да ги решава во рок определен со Законот за општа управна постака, односно најкасно во рок од 2 месеци согласно член 221 од истиот, поради што поднесените Барања за доделување на средства се одобруваат за исплата и после подолг временски период (во текот на 2005 година одобрени се средства по барања поднесни во текот на 2002 и 2003 година);
- во Централната служба на Агенцијата не се води евиденција за доставените записници од извршен увид од центрите за вработување, спротивно на член 23 од Законот за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ број 87/2005 година – пречистен текст), што придонесува Агенцијата да нема увид врз наменското и законското користење на средствата од овој фонд;
- Центарот за вработување Охрид и Центарот за вработување Битола вршат увид/контрола кај корисниците на средства од Посебниот фонд, но за истите не составуваат записници, додека Центарот за вработување Скопје не врши увид/контрола кај корисниците на средства од Посебниот фонд, спротивно на точка 2 од Известувањето од Управен одбор од 21.06.2005 година за начинот на следење на наменското користење на средствата од Посебниот фонд, што придонесува Агенцијата да нема комлетен увид врз доделените средствата од овој фонд. Со извршената ревизија кај корисниците на доделените средства констатирано е дека повеќе од 90 % од нив, средствата ги користат во функција на подобрување на условите за работење на инвалидните лица;
- исплатени се средства од Посебниот фонд во износ од 863 илјади денари без обезбедена хипотека или банкарска гаранција, спротивно на член 20 од Законот, согласно кој средствата се доделуваат како неповратни со претходно доставена хипотека или банкарска гаранција. Непочитувањето на законската регулатива придонесува неможност за обештетување на Агенцијата за износот на исплатените средства во случај на ненаменско и незаконско користење на истите од страна на корисниците.

**Препорака:**

Агенцијата доделувањето на неповратните средства да го врши во законски предвидените рокови, со исполнување на сите критериуми како и да

превземе мерки за функционирање на воспоставениот систем на контрола и следење на наменското и законското користење на средствата од Посебниот фонд кај корисниците на средствата, од страна на центрите за вработување и централната служба на Агенцијата.

11.1.6. Во текот на 2005 година во Центрите за вработување Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Дебар заснован е работен однос на неопределено време со дванаесет извршители на работни задачи, без согласност од страна на Министерството за финансии, спротивно на член 22 од Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Вработувањето спротивно на законската регулатива предизвикува незаконско користење на средства кои претставуваат државни расходи.

11.1.7. Агенцијата во текот на 2005 година има склучено 23 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 1.684 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:**
Агенцијата потребата од нови вработувања да ја врши во соработка со Министерството за финансии согласно позитивната законска регулатива, а ангажирањето на лица по договор за дело да се врши согласно одредбите од Закон за агенциите за привремени вработувања.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Постои неусогласеност помеѓу позициите Парични средства и Пасивни временски разграничувања во делот на Дел од вишокот на приходите пренесени во наредна година во износ од 17.533 илјади денари, како и помеѓу позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година во износ од 4.730 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години оневозможува веродостојност на билансните позиции во текот на годината.

**Препорака:**
Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2005 година согласно начелото на парично искажување и да се изврши усогласување на сметките.

**11.2.2.** Комисијата за испитување на побарувањата на Агенцијата по основ на дадени позајмици на претпријатија од минати години и тоа: со Програма за стручно оспособување на невработени лица во период од 1995 до 1999 година во износ од 15.079 илјади денари и со Инкубатор-Програма за водење на мал семеен бизнис во текот на 1997 година во износ од 2.026 илјади денари, во текот на 2005 година изврши отпис на побарувања во износ од 4.000 илјади денари за дел од субјектите поради престанок на нивно постоење и бришење од Трговскиот регистар. Во тек е изготвување на предлог за превземање на конкретни мерки во однос на останатиот дел од дадените позајмици.

### *11.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

#### 11.3.1. *Направени расходи спротивно на законските прописи*

- Врз основа на Одлука на Управниот одбор број 02-756 од 05.09.2005 година, Писмо број 02-9059 од 21.10.2005 година од Министерството за труд и социјална политика и Меморандум за разбирање склучен помеѓу Министерство за труд и социјална политика и УНДП на ден 30.08.2005 година во врска со Проектот на УНДП „Посредување при вработување на високо образовни млади невработени„ во текот на 2005 година извршена е исплата на средства од Посебниот фонд на сметката на УНДП, за реализација на горенаведениот проект, спротивно на член 15 од Законот за вработување на инвалидни лица, согласно кој неискористените средства од овој фонд Агенцијата може да ги користи за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица и тоа со Одлука за користење на средства донесена од страна на Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата.

  Поради непочитување на законската регулатива, средствата во износ од 10.000 илјади денари исплатени се без донесена Одлука од страна на Владата на Република Македонија, а исплата е извршена без претходно утврдени права и обврски на Агенцијата со што се оневозможува следење, мониторинг на наменското и законското користење на средствата.

  Ревизијата констатира дека Агенцијата не располага со документација од која може да се констатира реализацијата на проектните активности, проектните резултати, остварувањето на проектните цели, односно наменското и законското користење на исплатените средства.

  Со писмо доставено до Министерстерство за труд и социјална политика број 1210-36/1 од 10.01.2007 година, од страна на ревизијата побарана е докуметација заради констатирање на реализацијата на проектни цели. Министерството за труд и социјална политика достави до Државниот завод на ревизија податоци и тоа:

  - „Писмо за прифаќање„ помеѓу Министерство за труд и социјална политика и УНДП, со кое е констатирано дека во вкупниот буџет од 528.120 ЕУР, Владата на Норвешка ќе учествува со 200.000 ЕУР, а Владата на Република Македонија со 328.120 ЕУР односно околу 20.000 илјади денари, е потпишано на **30.05.2005** година;
  - „Меморандум за разбирање„ помеѓу Министерство за труд и социјална политика и УНДП и помеѓу Агенцијата и УНДП се склучени на ден **30.08.2005** година;
  - Одлука на Управниот одбор на Агенцијата број 02-756 за финансирање на овој проект е донесена на **05.09.2005** година;
  - Одлука за одобрување средства од Посебниот фонд за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица во износ од 70.000 илјади денари, Владата донела на **12.01.2006** година;

  Од доставената документација ревизијата констатира дека отпочнато е финансирање на Проектот без донесена Одлука за користење на средства од страна на Владата на Република Македонија.

  Исто така согласно точка 5 од Меморандум за разбирање склучен помеѓу Агенцијата и УНДП, ……*„Националното биро за вработување се согласи да назначи Национален Проект Координатор кој ќе делува како општ координатор и поддржувач на активностите ….. како и да*

*назначи Локален Проект Координатор кој активно ќе учествува како претставник на Националното биро за вработување во проектниот циклус на секој проект…..„* како и согласно точка 8 од наведениот Меморандум …… *„Националното биро за вработување ќе делегира претставник за да учествува во завршното прегледување на Проектите„…..* И покрај тоа што горенаведените координатори се дел од Проектот, (видно од доставените извештаи), Агенцијата не располага со податоци за наведениот Проект, што укажува на некоординираност помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата.

- Врз основа на одобрение од Министерството за труд и социјална политика број 08-3817 од 21.08.2002 година, извршена е исплата на плати по основ на поголемо месечно право за исплата на плати од законски утврденото, спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија. Поради воспоставениот начин на пресметка на платите незаконски исплатени се средства во вкупен износ од 7.060 илјади денари.

**Препорака:**
1. Неискористените средства од Посебниот фонд Агенцијата да ги користи врз основа на донесена Одлука од страна на Владата на Република Македонија, како и согласно склучените договори за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица да обезбеди соодветна документација за исплатените средства, како доказ за наменско и законско користење на истите.
2. Исплатата на платите да се врши во согласност со позитивната законска регулатива.

11.3.2. ***Непременување на постапките од Законот за јавни набавки***

Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 1.416 илјади денари.

Исто така должничко доверителни односи продолжуваат по склучени договори од минати години за давање на деловен простор под закуп без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 4.474 илјади денари.

Склучен е Договор за јавна набавка од мала вредност со физичко лице во износ од 176 илјади денари, врз основа на Одлука за избор на најповолен понудувач донесена од страна на одговорното лице (и покрај тоа што записникот од отварање на понудите не е потпишан од страна на членовите на Комисијата за јавни набавки), без обезбедени документи од избраниот понудувач - дозвола од надлежен орган за работење (дејност) за физичко лице, со кои би се докажала неговата финансиска и економска способност, спротивно на член 40 став 1 и член 48 став 1 од Законот за јавни набавки.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

### *11.4. Неправилности на информациониот систем:*

Со ревизија на информациониот систем на Агенцијата (базата на податоци за исплата на паричен надоместок) кој дава податоци за средствата за остварување на правата од вработување и осигурување во случај на невработеност, ревизијата ги констатираше следниве неправилности:

- базата на податоци содржи архивирани податоци за сите Центри за вработување освен за Центар за вработување - Демир Хисар за еден месец и Центар за вработување – Гостивар за два месеци, за определен број исплати (записи) нема податок за основицата врз основа на која се исплаќа паричниот надоместок (иако на локално ниво за истите постои запис), грешки во внесениот тип/вид на исплата за одделни корисници, спротивно на член 4 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Ненавремено и нецелосно внесување и архивирање на внесените податоци како и недоволна контрола над истите, придонесува несовпаѓање и несоодветност на податоците на локално и централно ниво;
- податоци за исплата на **паричен надоместок по основ на невработеност** за стечајни работници, технолошки вишок, загубари, редовен, стечај (од поранешни загубари), реформа на државна администрација, за технолошки вишок - заклучок на Влада 2003 година, не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи, (добиени од сметководствената евиденција), спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Разликата произлегува од различниот датум на исплата на средства во однос на датумот на архивирање на податоците, прекин на врските во времето на превземање на податоците од локалните бази на центрите, вршењето исплати на надоместоци по Решенија за исплата на надомест или поврат на средства по Решенија за погрешна исплата врз основа на „рачни пресметки“ без истите да се внесат во компјутерската евиденција. Некомплетноста и необјективноста на искажаните податоци доведува до несовпагање на податоците за исплатени средства во износ од 5.779 илјади денари, односно согласно податоците добиени од базата на податоци исплатени се средства во износ од 2.401.296 илјади денари, а согласно финансиските извештаи исплатени се средства во износ од 2.395.517 илјади денари;
- не постои централно архивирана база на податоци за исплата на **паричен надоместок по основ на потикнување на вработувањето**, спротивно на одредбите од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија, поради тоа што наведената база на податоци не ги содржи податоците од Центрите за вработување во Ресен, Струмица и Куманово. Исплатениот паричен надоместок согласно финансиските извештаи за 2005 година изнесува 515.601 илјади денари, а согласно базата на податоци (без Центрите за вработување во Ресен, Струмица и Куманово) износ од 476.284 илјади денари. Разликата во искажаните податоци во износ од 39.316 илјади денари доведуваат до констатација дека податоците добиени од евиденцијата на базата за исплата на паричниот надоместок по основ на Законот за поттикнување на вработувањето се неверодостојни и неприменливи;

- нема база на податоци за надоместоци за исплатените средства по основ на **надомест за невработеност, надомест за обука, преквалификација или доквалификација**, **Посебен фонд за вработување на инвалидни лица** поради извршени „рачни пресметки“ за исплата на средства, спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Поради неевидентирањето на севкупно исплатените средства од страна на Агенцијата, непостојат податоци во базата на податоци за исплатени средства во износ од 162.275 илјади денари.

Од погоре наведените неправилности констатираме дека податоците во информациониот систем на Агенцијата за исплатените средства за остварување на правата од вработување и осигурување во случај на невработеност не дава точни, навремени и целосни податоци и информации за бројот, видот и обемот на исплатените средства ниту по корисник ниту во целост што доведува до можност на ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Агенцијата да превземе мерки за донесување и воспоставување на соодветни процедури за евидентирање на податоците врз основа на кои се врши исплата на надоместоците, да се воспостави контрола врз внесот и архивирањето на податоци со што би се избегнала можноста од случајни и намерни грешки, а воедно ќе се овозможи следење на реалната исплата на средствата за надоместоци по корисник и во целост. Исто така:

- Секој запис (за исплата на надоместок) да содржи коплетни податоци;
- Повратот на средства по основ на погрешни исплати (или друг вид на промени) да се евидентираат во базата на податоци по корисник;
- Архивирањето на пресметката за исплата на паричниот надоместок во Центрите за вработување да се врши навремено и
- Целокупната исплата на средствата за парични надоместоци да се врши врз основа на претходно изработени компјутерски пресметки во базата на податоци, архивирани веднаш по нивната изработка.

12. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Агенција за вработување на Република Македонија под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1. до 10.4. кај Агенција за вработување на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**14.** Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Агенцијата и тоа:

- судски постапки во кои тужител е Агенцијата по основ враќај на парична помош и оспорено побарување за износ од 3.809 илјади денари;
- судски постапки во кои тужена страна е Агенцијата, и тоа со вредност од 629 илјади денари и 4 судски постапки за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.

Исто така во тек се пријави на побарувања од страна на Агенцијата како стечаен доверител во износ од 53.004 илјади денари, од кои за износ од 1.166

илјади денари побарувањето е признато во целост, а за износ од 1.855 илјади денари запрена е стечајната постапка.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за 2004 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 10.1.1, 10.1.4, 10.1.5, 10.1.7, 10.1.8, 10.2.1. и 10.3.1 алинеа 1, 3, 4, 5, од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, а за констатациите изнесени во точките 10.1.2, 10.1.3, 10.1.6, 10.2.2, 10.3.1. алинеа 2 и 10.3.2. Агенцијата не превземала мерки за отстранување на истите.

16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Агенцијата во текот на ревизијата:
    - Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2005 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2005 година, кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2005 година за 3.391 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 0309,10,15 од 31.12.2006 година.

**Скопје, 12.03.2007 година** **Овластен државен ревизор,**

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,313,693 | 1,269,819 |
| Неданочни приходи | 10,918 | 10,860 |
| Трансфери и донации | 5,948,749 | 6,356,582 |
| Продажба на хартии од вредност | 0 | 3,147 |
| **Вкупно приходи** | **7,273,360** | **7,640,408** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 154,692 | 152,498 |
| Стоки и услуги | 68,414 | 64,311 |
| Социјални бенефиции | 6,699,979 | 7,088,069 |
| **Вкупно тековни расходи** | **6,923,085** | **7,304,878** |
| **Капитални расходи** | 4,414 | 2,393 |
| **Вкупно расходи** | **6,927,499** | **7,307,271** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **345,861** | **333,137** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 330,608 | 317,956 |
| Побарувања | 30,944 | 27,625 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 5,127 | 5,127 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 6,361 | 4,228 |
| Активни временски разграничувања | 516,954 | 17,393 |
| Залихи | 833 | 987 |
| **Вкупно тековни средства** | **890,827** | **373,316** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 187,633 | 201,104 |
| Природни богатства | 7,933 | 7,933 |
| Материјални средства во подготовка | 239 | 239 |
| Долгорочни пласмани | 2,338 | 1,664 |
| **Вкупно капитални средства** | **198,143** | **210,940** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна актива** | **1,090,369** | **585,655** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 7,632 | 6,543 |
| Краткорочни обврски по резерви | 498,097 | 0 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 330 | 257 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 38 | 8 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 10,961 | 10,842 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 18,224 | 10,886 |
| Пасивни временски разграничувања | 347,907 | 336,988 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 2,075 | 2,075 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **885,264** | **367,599** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 203,706 | 216,657 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **203,706** | **216,657** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна пасива** | **1,090,369** | **585,655** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **215,671** | **986** | **216,657** |
| **Вкупно зголемување (по основ на набавки, донации и извршени корекции)** | 10,340 | 5,650 | **15,990** |
| **Вкупно намалување по основ на амортизација, отпис, расходувања и продажба.** | **25,476** | **3,465** | **28,941** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **200,535** | **3,171** | **203,706** |